Ј.З.У. Институт за јавно здравје на
Република Македонија - Скопје

# НЕСРЕЌИ И ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА: ЕВИДЕНЦИИ, СОСТОЈБА И ПРОБЛЕМИ

Скопје, Јуни 2009

**Ј.З.У. Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје**

ВД Директор: д-р Азиз Положани

# НЕСРЕЌИ И ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА:
# - ЕВИДЕНЦИИ, СОСТОЈБА И ПРОБЛЕМИ

**СТРУЧНА ОБРАБОТКА:**

| | |
|---|---|
| Проф. д-р Елисавета Стикова, | Советник – координатор во ЈЗУ во Институт за јавно здравје на РМ |

**Секотор за социјална медицина**

| | |
|---|---|
| Доц. Д-р Елена Ќосевска, | Раководител, Сектор за социјална медицина |
| Проф. д-р Тозија Фимка | Началник, Одделение за контрола и превенција на повреди и насилство |
| Д-р Вјоса Речица | Специјалист по социјална медицина |
| Ас. д-р Блашко Касапинов | Помлад истражувач |
| Јасмина Тахири | Здравствен статистичар |

# НЕСРЕЌИ И ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА: ЕВИДЕНЦИИ, СОСТОЈБА И ПРОБЛЕМИ

## ВОВЕД

Несреќите и повредите на работа претставуваат приоритетен јавно здравствен проблем, во светот и во Република Македонија.

Рамковната Директива на Европската Унија за безбедност и здравје на работа 89/391/ЕЕЦ, содржи одредба со која се утврдува обврската на работодавачите да водат евиденција за несреќите на работа кои резултираат во неспособност за извршување на работните обврски повеќе од три дена.

Со цел за статистичка обработка на несреќите и повредите на работа се користат следните дефиниции:

а) *Несреќа на работа:* неочекуван и непланиран настан, вклучувајќи и акт на насилство, кој е поврзан со работата и предизвикува повреда, болест или смрт на работникот;
б) *Несреќа на пат:* несреќа која се случува на вообичаениот пат при доаѓање или враќање од работа, од професионална обука и други вообичаени активности што се поврзани со работата, а за кои е потребно патување;
в) *Повреда на работа:* повреда, болест или смрт на работникот што е последица на несреќа на работа;

Во информацијата е прикажана актуелната состојба со евиденцијата на несреќите и повредите на работно место во Република Македонија, со посебен осврт на проблемите во начинот на водење на евиденциите во здравството, трудот, заштита и безбедност на работно место.

Во информацијата се дадени препораки за подобрување на состојбата и за надминување на проблемите во оваа област, а со цел за унапредување на здравјето на работниците.

Анализирани се статистичките податоци од пријавите и извештаите кои се собираат во Републички завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) и тоа:

- образец ЕТ-8 - пријава за несреќа при работа и
- збирни тримесечни извештаи за несреќи на работа (Образец ИПС-1)

Во согласност со важечката законска регулатива, овие извештаи се доставуваат до РЗЗЗ од страна на 10-те регионалните заводи за здравствена заштита, што функционираат на територијата на цела Република Македонија.

Во информацијата е прикажана дистрибуцијата на повредите на работа на ниво на држава, по региони и по стопанска дејност, а состојбите се компарирани со регистрираните состојби во Европа, при што се користени податоците од дата базата „Здравје за сите“ на Светската здравствена организација (HFA database).

# ЕВИДЕНЦИИ

## Легислатива - Правна основа

Водењето евиденции и *прибирање на податоците* за несреќите и повредите на работа има за цел следење на состојбата на повредите и несреќите на работа кај работоактивното население во Република Македонија.

Евиденцијата и статистиката за несреќите и повредите при работа се базира на податоците добиени од работодавачите, кои во согласност со позитивната законска регулатива се должни да ја пријават секоја настаната повреда при работа или смртен случај до надлежната служба на Фондот за здравствено осигурување, а тие потоа и до Регионалните заводи за здравствена заштита т.е. до Републичкиот завод за здравствена заштита.

Националното законодавство е во согласност или се хармонизира согласно релевантната меѓународна регулатива во областа на здравјето, заштитата и безбедноста на работа и тоа на:

- Европската Унија (Рамковна директива за безбедност и здравје на работа - EEC Directive 89/391 и останатите хоризинтални директиви поврзани со неа)
- Меѓународната организација на трудот (МОТ): декларации, конвенции и препораки,
- Светската здравствена организиација (СЗО): Глобалниот план за акција за здравје на работниците за периодот 2008-2017 и Стратегијата на Европската унија за здравје и безбедност на работа 2007-2012.

*Меѓународни стандарди за евиденција:*

- Меѓународна статистичка класификација на болестите и на сродните здравствени проблеми, Десетта ревизија (МКБ-10), Книга 1, СЗО, Женева, 1992
- Систем за презентација на здравствените индикатори “Здравје за сите”- СЗО

## Национално законодавство

- *Закон за здравствена заштита (Сл.весникна Р.М бр. 38/91, 46/93 и 55/95 и измени и дополнувања во Сл. Весник бр. 17/97,21/98, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008)* (загарантирани права и утврдени потреби и интереси на општеството)
- *Закон за здравствено осигурување(Сл.весник на Р.М бр. 25/2000; 34/2000; 96/2000; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006* - дефинирани ризици како што се повреди на работа и професионална болест, специфична здравствена заштита, обврска на работодавците)

- Закон за работни односи (Сл.весник на Р.М бр.50/2001, 25/2003, 40/2003, 62/2005 **-** лекарско уверение за вработување, посебни услови за работа - медицина на труд, упатувачки карактер кон законот за заштита при работа и медицина на труд)
- Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник на Р.М. бр. 80/93 – повреди на работа, посебни права за осигурениците),
- *Закон за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на Р.М бр.92/2007* – обврски на работниците и работодавачите, проценка на ризик, здравствени прегледи на работници, известување за повреди на работа, тренинг, мерки за заштита*).*

  (односи, права работи и одговорности во заштита на работа како обврска на работодавецот, регулаторен акт-колективен договор (проценка на ризик, здравствени прегледи на работници, пријавување на повреди на работа)

**Евиденции за несреќа на работа**

- ***Закон за евиденции во областа на трудот****(“сл. лист СФРЈ” бр. 2/77) точка 3, член: 15,16 и 17; бр. 21/82; бр.16/90) точка 3, член: 14,15 и 16*
- ***Упатство за евиденции на податоци од интерес за целата земја во областа на здравството*** *– 1978г. Пријава за несреќа на работа Образец 3-15-60 и Пријава за несреќа на работа Образец ЕТ-8*
- ***Закон за изменување на Законот за евиденции во областа на трудот*** *(“сл. весник РМ” бр. 26/93; бр.12/04 точка 6, член: 23, 24 и 25*
- ***Закон за евиденциите од областа на здравството*** *(“Сл.лист на СФРЈ”,бр.22/78, “Сл.весник на РМ”,бр.37/79,15/95)*
- ***Упатство за начинот на водење на евиденциите во областа на здравството*** (“Сл.весник на РМ”,бр.21/85)
- **Закон за евиенции во здравството (Сл. Весник на Р.М. 20/2009)**
- *“Индивидуална евиденција за несреќа - повреда на работа” и Регистар за повреди на работа во Институт за јавно здравје на Република Македонија*

## Процедура за пријавување и евиденција

Во Република Македонија повредите при работа се регулирани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување ( Сл. Весник на РМ бр. 80/93) и а нивното пријавување се врши преку индивидуален извештај Образецот ЕТ-8 - Пријава за несреќа на работа,( Сл Весник СФРЈ од 1978 год.) и Законот за евиденциите во областа на трудот. Согласно овие прописи, работодавачот е должен да достави пријава за повреда на работа (Образец Фондот за здравствено осигурување, а преку регионалните заводи за здравствена заштита до Републичкиот завод за здравствена заштита каде се изготвува Годишен извештај за несреќи на работа

Според Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник Р.М. бр. 92/2007),, работодавачот има обврска да води листа на повреди на работното место и евиденција за повредите при работа. Работодавецот (член 36 од Законот за безбедност и здравје на работа) е должен веднаш или најдоцна 48 часа по настанот писмено да ја извести инспекцијата за труд  за секој смртен случај, колективна несреќа и потешка повреда на работа која е поврзана со отсуство од работа подолго од три работни денови. Општите податоци во пријавата за несреќа при работа ги пополнува лицето одговорно за здравје и безбедност на работа, а покрај општи податоци извештајот содржи и краток опис на настанот. Пополнетата пријава се доставува до Државниот инспекторат за труд.

# СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2008 г. стапката на активност изнесува 56.3%, стапката на вработеност 37.3%, додека стапката на невработеност изнесува 33.8%.  Бројот на вработените лица во 2008 г. е зголемен за 3.2% во  однос на 2007 година. На дијаграмот бр. 1 се прикажани податоците за процентот на работна сила како % од вкупната популација и тоа според податоците достапни во базата на податоци на Светската здравствена организација.

**Дијаграм 1: Процент на работната сила од вкупното население во Македонија**




Извор: WHO HFA database (August,  2009)

Анализата на фреквенција на повредите на работно место кај населението во Македонија за периодот 1990-2008 година покажува трикратно намалување.

Во 2008 година во Република Македонија во Институт за јавно здравје на Република Македонија се евидентирани 1041 случаи на повреди на работно место, што во однос на 2007 претставува намалување за 89.1 %. (табела 1)

Повредите во прикажаниот период не ја покажуваат реалната слика затоа што постои разлика меѓу пријавените повреди и вистинскиот број повреди во земјата. Како предмет на обработка земени се само повредите што се случиле кај осигурените лица кои биле на боледување заради претрпената несреќа.

Бројот на несреќите на работа и фаталните повреди во Македонија покажува тренд на намалување во анализираниот период. Секако дека процесот на транзиција и порастот на невработеноста, има влијание врз  намалувањето

на повредите. Стапките на професионален трауматизам и морталитет од повреди на работа во Македонија што се достапни во базата на податоци на Светската здравствена организација – Здравје за сите, се многу пониски од земјите во Европа. Овие податоци се прикажани на дијаграмите 2 и 3 од каде може да се спореди состојбата во врска со повредите на работа и регистрираните и смртните случаи на работа во нашата земја со состојбите регистрирани во Европскиот регион и во земјите од Европската Унија.

**Дијаграм 2: Стапка на повредени во несреќи на работа на 100 000**




Извор: WHO HFA database (August, 2009)

**Дијаграм 3: Стапка на смртност заради несреќи на работа на 100 000**




Извор: WHO HFA database (August, 2009)

Податоците што се достапни во оваа базата покажуваат дека стапката на повредени работници во несреќи на работа која во 2000 година изнесува 179,8/$_{100000}$, во 2007 година е намалена за околу три пати и во 2007 година изнесува 60,1/$_{100000}$.
Тоа значи дека бројот на повредени работници е намален од 3643 во 2000 година на 1228 повредени работници во 2007 година.

Стапката на смртност поради повреди на работа во испитуваниот период е исто така намалена и тоа од 0,3/$_{100000}$ на 0,2/$_{100000}$ во 2007 година. Овие бројки покажуваат дека во 2000 година во Република Македонија се регистрирани 6, а во последната достапна извештајна година 4 смртни повреди на работа.

Овие компаративни податоци се прикажани на картограмите 1 и 2.

**Картограм 1: Стапка на повредени во несреќи на работа на 100 000**




Извор: WHO HFA database (August, 2009)

**Картограм 2: Стапка на смртност заради несреќи на работа на 100 000**




Извор: WHO HFA database (August, 2009)

На графиконот бр. 4 се прикажани податоците за повредени работници на 100 000 вработени што се регистрирано во земјите на Европскиот регион во 2007 година. На графиконот бр. 5 се прикажани бројот на регистрирани смртни случаи поради повреди на работа регистрирани исто така во земјите на Европскиот регион за истата извештајна година (2007 година).

**График 4: Стапка на повредени во несреќи на работа на 100 000**



Извор: WHO HFA database (August, 2009)

**График 5: Стапка на смртност заради несреќи на работа на 100 000**




Извор: WHO HFA database (August, 2009)

Компаративните податоци прикажани на графиконите 4 и 5 укажуваат дека во Република Македонија се регистрирани за 10 пати помалку повреди на работа отколку во земјите на Европскиот регион, а само во Црна Гора и во Сан Марино се забележани помалку смртни случаи поради повреди на работа отколку кај нас.

Анализата на достапните податоци за повредите на работа во нашата земја покажуваат дека повредите повеќе се застапени кај машката популација со 58,3% од вкупниот број на сите повреди на работа, најчести се во секторот индустрија и рударство со 55.7%, градежништво со 9.2%, здравство и социјална заштита со 8.9%, сообраќај и врски со 5.6%, образование и култура со 3.6% итн. (Табела 2 и дијаграм 6).

**Дијаграм 6. Дистрибуција на несреќи на работа по стопанска дејност во Македонија во периодот 1990-2008**




Извор: Републички завод за здравствена заштита, 2009

Во анализираниот период 1990-2008 година, повредите на работа на индустрискиот сектор се намалени за 89.1%, градежништво 93.4%, земјоделство и рибарство 95.5%, сообраќај и врски со 85.7%, трговија 92.1%, шумарство со 88.9%, здравство и социјална заштита со 46.6%, итн. Се забележува намалување на вкупниот број на повреди на работа и тоа од 9654 во 1990 година на само 1041 повреда на работа во 2008 година. Соодветно на ова намалување на бројот на повреди на работа се забележува во сите стопански дејности, што се должи на транзициониот период, затворањето на повеќе големи претпријатија и порастот на невработеноста. Но, во ова намалување на бројот на повреди на работа треба да се има во предвид и несоодветното и намалено пријавување на повредите на работа до одговорните стручни институции. Ивие податоци се прикажани на Табела бр. 1 во прилог.

Статистичката обработка на податоците покажуваат дека стпката на инциденција на повредите на работа во република Македонија се намалува од $12,3/_{1000}$ во 1994 на $2,8/_{1000}$ во 2007 година. Во испитуваниот период стапката бележи намалување од 3-4 пати во сите стопански дејности. Податоците за регистрираните стапки на инциденција за повреди на работа во испитуваниот период се прикажани на Табелабр. 3 во прилог.

Во дистрибуцијата по здравствени региони во 2008 година највисоко учество на повредите на работно место е евидентирано во Скопје со 38.3% од вкупниот број на повредите, потоа следи Битола со 28.9%, Велес со 9.8%, Тетово со 7.6%, Кавадарци 6.1% итн., што корелира со состојбата во стопанството во тие региони.

# ПРОБЛЕМИ

- Процесот на транзиција има влијание на бројот, но и на структурата на регистрираните и пријавените повреди на работа, (на пр. нелогично мал број на пријавени повреди во една од најризичните стопански дејности – рударството, во споредба со другите помалку ризични дејности), што е резултат веројатно и на неработење на најголем број на рудници во овој период. Вкупниот број на регистрирани повреди на работа, како и бројот на повреди на работа според дејност, не е соодветен на реално случените повреди на работа на земјата.

- Инсуфициентност во пријавувањето на несреќите и повредите на работа од работните организации, особено приватните, и непочитување на позитивната законска регулатива за евиденции во оваа област (претходно наведена законска рамка и постапка) значајно влијае на регистрираните состојби во нашата Република.

- Нецелосен опфат на пријавување на повреди при работа и сите случаи на повреди во земјата, како кај формалниот, така и кај неформалниот сектор и несоодветно водење и прибирање на податоците во рамките на единствениот систем за здравствена статистика за настанати повреди при работа.

- НедостасуваЦелосно недостасуваат податоци за повреди на работа кај неосигурани лица и кај осигурани лица кои не се пријавени, односно не користеле боледување.

- Инсуфициентно доставување пријави за несреќа на работа до Фондот за здравствено осигурување од страна на работодавачите, како и отсуство на информации за доставувањето на пријавите од ФЗО до останати релевантни институции.

- Постојат проблеми во циркулирањето на пријавите за несреќи при работа со потребните податоци како основа за водење на уредна евиденција и статистика меѓу релевантните институции одговорни за тоа.

- Постои неусогласеност на пријавата за несреќи при работа со ESAW методологијата: недостасуваат информации за економската дејност на работодавачот, големина на претпријатието, државјанство на повредениот, работен статус на вработениот, последици од повредата во поглед на изгубени работни денови, трајна неспособност или смрт, работна средина и работен процес.

- Несоодветно е пополнувањето на пријавата за несреќа при работа од страна на лекарот, при што не се пополнува соодветно според Меѓународната класификација на болестите (МКБ-10) и затоа не може да се анализира реалната состојба во однос на поставената дијагноза, вклучително и надворешната причина за повреда на работа и телесна регија.

## ПРЕПОРАКИ

1. Неопходно е усогласување на националното законодавство со меѓународната регулатива на ЕУ, МОТ, СЗО - трансфер на методологијата во македонската легислатива.

2. Потребно е осовременување на Образецот за пријава на несреќи при работа согласно националната и европската легислатива, за да може да се одреди и степенот на фреквентност.

3. Неопходно е постигнување на национален консензус по прашањето за постапката за пријавување и евидентирање на несреќи при работа.

4. Подобрување, почитување и усогласување на процедурите на пријавување и анализа на повредите при работа од страна на сите релевантни институции, односно воспоставување на единствена методологија за евиденција на повредите на работа во Република Македонија согласно ЕУ стандардите (ESAW - Методологијата)

5. Неопходна е соработка и меѓу институционално поврзување со цел подобрување на евиденцијата: владини и невладини организации, медиуми, односно сите засегнати релевантни институции.

6. Ефективно имплементирање во пракса/на терен - неопходна е обука на лицата во компаниите и институциите кои се јавуваат во функција на даватели и процесирање на информации

7. Неопходно е да се дефинира, познава и почитува патот на циркулација на податоците и да нема застој, а во функција на добивање на компаративни податоци и креирање на база на податоци

8. Користење на единствени статистички стандарди е предуслов за да може податоците да бидат споредливи и точно кодирани, а со тоа и соодветно да се обработуваат и да се евалуираат

9. Неопходно е стандардизирање на унифицирани статистички обрасци, како предуслов за квалитетна обработка на споредливи информации и креирање на политики за подобрување на заштитата при работа.

10. Воспоставување информационен електронски систем за пријавување на повредите на работно место и подобрување на собирањето на податоците

11. Квалитетно водење на евиденција за настанати несреќи на работа може да придонесе кон идентификација на критични точки значајни за превенција на повредите на работа, а со да се понудат елементи за подобрување на заштитата и намалување на средствата што државата и фирмите треба да го исплаќаат кон повредените работници во име на оштета и боледување.

12. Континуирана едукација и обука за давателите на информации, како и на работниците и работодавците за безбедноста на работно место и за спроведување на евиденциите за повреди на работа и професионални болести.

# ПРИЛОГ

**Табела 1.**
**БРОЈ НА РЕГИСТРИРАНИ ЛИЦА КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НЕСРЕЌИ НА РАБОТА ВО ОДРЕДЕНА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1990 - 2008 ГОД.**

| Стопанска дејност | 1990 | 1994 | 1998 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индустрија и рударство | 5984 | 2946 | 2028 | 741 | 736 | 961 | 975 | 967 | 638 | 580 |
| Земјоделство и рибарство | 489 | 382 | 184 | 33 | 42 | 36 | 24 | 49 | 39 | 22 |
| Шумарство | 207 | 156 | 62 | 12 | 67 | 67 | 44 | 27 | 21 | 23 |
| Водостопанство | 44 | 42 | 48 | 21 | 18 | 16 | 3 | 11 | 10 | 15 |
| Градежништво | 1449 | 577 | 366 | 187 | 148 | 215 | 223 | 134 | 130 | 96 |
| Сообраќај и врски | 406 | 195 | 180 | 112 | 87 | 125 | 158 | 102 | 79 | 58 |
| Трговија | 240 | 89 | 54 | 14 | 10 | 27 | 38 | 39 | 34 | 19 |
| Угостителство и туризам | 87 | 24 | 27 | 14 | 11 | 11 | 6 | 9 | 17 | 15 |
| Занаетчиство и лични услуги | 123 | 50 | 40 | 10 | 13 | 14 | 14 | 8 | 16 | 14 |
| Стамбено-комунални дејности | 108 | 58 | 82 | 28 | 27 | 47 | 51 | 27 | 31 | 23 |
| Финансиски и други услуги | 53 | 36 | 30 | 17 | 15 | 22 | 26 | 6 | 12 | 12 |
| Образование и култура | 94 | 64 | 92 | 22 | 37 | 39 | 57 | 48 | 39 | 37 |
| Здравство и социјална заштита | 174 | 116 | 124 | 111 | 95 | 118 | 132 | 85 | 79 | 93 |
| Опш.политички заед.и организации | 91 | 97 | 203 | 58 | 79 | 131 | 205 | 140 | 79 | 19 |
| Останати осигурени лица | 15 | 20 | 11 | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 | 15 |
| **Вкупно** | **9564** | **4852** | **3531** | **1383** | **1385** | **1830** | **1957** | **1652** | **1228** | **1041** |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија 2009

**Табела 2.**
**БРОЈ НА РЕГИСТРИРАНИ НЕСРЕЌИ НА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА ПО ЗДРАВСТВЕНИ РЕГИОНИ ВО ПЕРИОДОТ 1997 - 2008 ГОД.**

| Здравстеви региони | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **2925** | **3531** | **2603** | **3643** | **1547** | **1384** | **1830** | **1957** | **1652** | **1228** | **1041** |
| Битола | 482 | 683 | 527 | 616 | 0 | 255 | 524 | 504 | 438 | 406 | 301 |
| Брод | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Велес | 441 | 408 | 330 | 448 | 209 | 0 | 142 | 161 | 135 | 105 | 102 |
| Виница | 37 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Гевгелија | 13 | 13 | 6 | 10 | 4 | 5 | 6 | 9 | 8 | 7 | 4 |
| Гостивар | 46 | 56 | 31 | 29 | 49 | 17 | 8 | 17 | 0 | | |
| Д.Хисар | 12 | 12 | 11 | 13 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | | |
| Кавадарци | 146 | 90 | 16 | 12 | 12 | 0 | 28 | 21 | 62 | 38 | 63 |
| Кичево | 58 | 74 | 64 | 98 | 0 | 25 | 52 | 52 | 49 | 40 | 53 |
| Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Кратово | 32 | 8 | 0 | 22 | 0 | 17 | 2 | 2 | 0 | | |
| Кр.Паланка | 43 | 49 | 42 | 39 | 5 | 8 | 1 | 0 | 0 | | |
| Крушево | 16 | 23 | 15 | 18 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Куманово | 184 | 0 | 0 | 0 | 0 | 92 | 178 | 39 | 0 | | |
| Неготино | 89 | 53 | 16 | 0 | 31 | 51 | 28 | 20 | 33 | 28 | 26 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Прилеп | 175 | 227 | 170 | 645 | 187 | 191 | 154 | 190 | 313 | | |
| Пробиштип | 195 | 211 | 164 | 205 | 57 | 40 | 0 | 0 | 0 | | |
| Радовиш | 72 | 97 | 66 | 65 | 0 | 42 | 0 | 0 | 0 | | |
| Ресен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | | |
| Св.Николе | 73 | 60 | 33 | 21 | 7 | | 30 | 39 | 33 | 11 | 14 |
| Скопје | 556 | 1124 | 971 | 1177 | 945 | 562 | 615 | 811 | 399 | 536 | 399 |
| Струга | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Струмица | 69 | 58 | 92 | 86 | 29 | 21 | 0 | 0 | 0 | | |
| Тетово | 181 | 260 | 49 | 139 | 0 | 56 | 62 | 92 | 182 | 57 | 79 |
| 2003*нема податоци | | | | | | | | | | | |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија

**Табела 3.**
**СТАПКА НА ИНЦИДЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СПОРЕД СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ 1994-2007 ГОДИНА**

| Стопанска дејност | 1994 | | | 2004 | | | 2005 | | | 2006 | | | 2007 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Несреќи на работа | Врабо -тени | Ст/ 1000 | Несреќи на работа | Врабо-тени | Ст/ 1000 | Несреќи на работа | Врабо -тени | Ст/ 1000 | Несреќи на работа | Врабо -тени | Ст/ 1000 | Несреќи на работа | Врабо -тени | Ст/ 1000 |
| **Индустрија и рударство** | 2996 | 162900 | 18,4 | 975 | 124013 | 7,9 | 989 | 120340 | 8,2 | 975 | 120069 | 8,1 | 654 | 123956 | 5,3 |
| **Земјоделство и рибарство** | 382 | 30333 | 12,6 | 36 | 12625 | 2,9 | 24 | 9678 | 2,5 | 49 | 9494 | 5,2 | 39 | 10464 | 3,7 |
| **Шумарство** | 156 | 3592 | 43,4 | 67 | 2949 | 22,7 | 44 | 2549 | 17,3 | 27 | 2517 | 10,7 | 21 | 2239 | 9,4 |
| **Водостопанство** | 42 | 2487 | 16,9 | 16 | 5681 | 2,8 | 3 | 5381 | 0,6 | 11 | 5282 | 2,1 | 10 | 5399 | 1,9 |
| **Градежништво** | 577 | 33368 | 17,3 | 215 | 30795 | 7,0 | 223 | 28731 | 7,8 | 134 | 27546 | 4,9 | 130 | 26307 | 4,9 |
| **Сообраќај и врски** | 195 | 20929 | 9,3 | 125 | 26449 | 4,7 | 158 | 27712 | 5,7 | 102 | 27255 | 3,7 | 79 | 29683 | 2,7 |
| **Трговија** | 89 | 29862 | 3,0 | 27 | 66624 | 0,4 | 38 | 71860 | 0,5 | 39 | 72576 | 0,5 | 34 | 76750 | 0,4 |
| **Угостителство и туризам** | 24 | 8160 | 2,9 | 11 | 11905 | 0,9 | 6 | 12892 | 0,5 | 9 | 13040 | 0,7 | 17 | 13040 | 1,3 |
| **Стамбено-комунална** | 58 | 7947 | 7,3 | 47 | 13346 | 3,5 | 51 | 12608 | 4,0 | 27 | 12654 | 2,1 | 31 | 14420 | 2,1 |
| **Финансиски и други услуги** | 36 | 11409 | 3,2 | 22 | 6765 | 3,3 | 26 | 6458 | 4,0 | 6 | 6479 | 0,9 | 12 | 7110 | 1,7 |
| **Образование и култура** | 64 | 35318 | 1,8 | 39 | 30391 | 1,3 | 57 | 30690 | 1,9 | 48 | 31559 | 1,5 | 39 | 32134 | 1,2 |
| **Здравство и социјала** | 116 | 33915 | 3,4 | 118 | 30861 | 3,8 | 132 | 30373 | 4,3 | 85 | 33235 | 2,6 | 79 | 31809 | 2,5 |
| **ОП заедници и организации** | 117 | 15466 | 7,6 | 132 | 49319 | 2,7 | 206 | 51759 | 4,0 | 140 | 56486 | 2,5 | 83 | 60730 | 1,4 |
| **Вкупно** | 4852 | 395686 | 12,3 | 1830 | 411723 | 4,4 | 1957 | 411031 | 4,8 | 1652 | 418192 | 4,0 | 1228 | 434041 | 2,8 |

Извор: Институт за Јавно здравје на Република Македонија